**20091282488**

## ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување судир на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/2009) Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 21 октомври 2009 година, го утврди Пречистениот текст на Законот за спречување на судир на интереси.

Пречистениот текст на Законот за спречување судир на интереси ги опфаќа: Законот за спречување судир на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/2007), Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување судир на интереси („Службен весник на Република Македонија” бр. 114/2009) во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена, како и Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 3/2008).

Бр.10-4065/2
21 октомври 2009 година
Скопје

Претседател на
Законодавно-правната комисија
на Собранието на Република
Македонија,
**Благородна Дулиќ,** с.р.

## ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ (Пречистен текст)

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Со овој закон се дефинира судирот на интереси, постапувањето во случај на судир на интереси, мерките за спречување на судирот на интереси во вршењето на јавните овластувања и должности од страна на службените лица.

(2) За примената на овој закон надлежна е Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: Државната комисија).

Член 2

Целта на овој закон е да се обезбеди спречување на злоупотребата на јавните овластувања и должности на службеното лице за остварување на користољубиви цели за себе или блиски лица и да се обезбеди спречување на можноста приватниот интерес на службеното лице да го загрози јавниот интерес.

### II. ЗНАЧЕЊЕ НА ПОИМИТЕ И ИЗРАЗИТЕ УПОТРЕБЕНИ ВО ОВОЈ ЗАКОН

Член 3

(1) Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

- "судир на интереси" подразбира судир на јавните овластувања и должности со приватниот интерес на службеното лице, во кој службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз вршењето на неговите јавни овластувања и должности;
- "јавни овластувања и должности" подразбира остварување на работи од јавен интерес под еднакви услови во материјална и нематеријална смисла;

- "приватен интерес" подразбира материјален или нематеријален интерес на службеното лице што може да влијае врз неговото одлучување при вршењето на јавните овласувања и должности;
- "корист, лична корист или користољубивост" подразбира стекнување на имот и имотни права или други права (материјални и нематеријални) што на лицето не треба да му припаѓаат;
- "блиски лица" се лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврти степен, посвоителот и посвоеникот, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има приватен интерес;
- "подарок" во смисла на овој закон подразбира пари, хартии од вредност, предмети, права и други услуги понудени на службеното лице за вршење односно не вршење јавно овластување или должност;
- "јавен интерес" е поширок општествен интерес за општото добро и напредок на сите граѓани под еднакви услови во материјална и нематеријална смисла којшто може да биде загрозен со предизвикување штета од материјална и нематеријална природа поради настанување судир на приватниот со јавниот интерес и
- “изјава за интереси“, во смисла на овој закон, е изјава на службеното лице која содржи податоци за неговите лични и приватни интереси во вршењето на јавните овластувања и должности.

(2) Службено лице, во смисла на овој закон, се претседателот на Република Македонија, пратениците, градоначалниците, амбасадорите и другите именувани лица на Република Македонија во странство; избраните и именувани лица од и во Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија, органите на државната управа и други државни органи, органите на судската власт, јавните претпријатија, установи, други правни лица на централната и локалната власт, државните службеници и вработените во органите на државната управа и други државни органи, органите на судската власт, јавните претпријатија, установи, други правни лица на централната и локалната власт, советниците во советите на општините, советниците во Советот на градот Скопје, како и лица вработени преку агенциите за привремено вработување со овластување утврдени со закон.

## III. НАЧЕЛА НА РАБОТЕЊЕ

### Член 4

(1) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да постапува во согласност со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори.

(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелата на законитост, еднаквост, ефикасност, доверба, независност, јавност, непристрасност, чесност и професионалност и да постапува совесно, стручно, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на човековите права и слободи и човечкото достоинство, без никаков приватен интерес.

### Член 5

(1) Службеното лице при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, политички и етнички интереси, притисоци и ветувања од претпоставениот.

(2) Службеното лице не смее да:

- прима или бара корист за извршување на своите должности,
- остварува или стекнува право со повреда на начелото на еднаквост пред законот,
- ги злоупотребува правата што произлегуваат од извршувањето на надлежностите,
- прима награда или друга корист за вршење на работите кои се однесуваат на јавните овластувања и должности,
- бара или да прима награда или услуга за да гласа или да не гласа или да влијае за донесувањето на одлука на некое тело или лице за остварување на корист за себе или корист за негови блиски лица,
- ветува вработување или остварување на некое друго право со примање на подарок или ветување на подарок и
- влијае за донесување на одлука по јавни набавки или на кој било начин да ја користи положбата за да влијае за донесувањето на одлуката со цел да постигне приватен интерес или корист за него или за негови блиски лица.

Член 6

Лицата кои со службеното лице се блиски лица, за кои оправдано може да се смета дека постои интерес што ги поврзува со службеното лице, не можат да вршат супервизорски или контролен надзор врз неговата работа.

## IV. ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА ПОСТОЕЊЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Член 7

(1) Во случај на постоење на сомневање на судир на интереси, службеното лице е должно да побара мислење од Државната комисија.

(2) При одлучувањето на постоење судир на интереси посебно ќе се води сметка за видот на работите од јавен интерес кои ги извршува службеното лице.

(3) Во случај на сомневање за можноста за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да се спречи влијанието на приватниот интерес.

Член 8

Службеното лице во време на извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да врши никаква дејност која може да влијае на непристрасно вршење на јавните овластувања и должности.

Член 9

Службеното лице кое пред стапувањето на вршењето на јавни овластувања или пред стекнување на статусот државен службеник, односно пред вработувањето како лице со посебни должности и овластувања утврдени со закон, кој како сопственик управувал со трговско друштво или установа, за време на вршењето на јавните овластувања или должности, е должен управувањето да му го довери на друго лице или посебно тело, освен на лицата од членот 3 став (1) алинеја 5 на овој закон.

Член 10 е избришан.

Член 11

(1) Службеното лице кое учествува или одлучува во постапката за вработување или е вклучено како член на телото што ја спроведува таа постапка е должно да го извести раководителот на институцијата каде што работи за сите постапки за вработувања што можат да предизвикаат судир на интереси.

(2) По утврдувањето на односот на службеното лице со кандидатот за вработување, раководителот на институцијата е должен да ги преземе сите неопходни мерки за спречување на појавата на судир на интереси.

(3) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси во случаите од ставот (1) на овој член, службеното лице и раководителот на институцијата можат да побараат мислење од Државната комисија.

## V. ИЗЗЕМАЊЕ

### Член 12

(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење судир на интереси, должно е веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.

(2) Лицето од ставот (1) на овој член ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што е вработено и по барање на заинтересирано лице.

(3) Лицето од ставот (1) на овој член со одлука на неговиот претпоставен, и без негово барање или спротивно на неговата волја ќе биде изземено од вршење на определено дејствие ако е очигледно дека во конкретниот случај постои судир на интереси.

### Член 13

(1) Ако органот или телото расправа или одлучува за работи во кои службеното лице има приватен интерес, тој е должен приватниот интерес да го пријави пред расправањето и одлучувањето, или најдоцна пред почетокот на овие дејствија.

(2) Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, должен е ова да го констатира и на записник.

### Член 14

Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за преземање на мерки за соодветна одговорност.

## VI. ЗАБРАНА ЗА ПРИМАЊЕ ПОДАРОЦИ

### Член 15

Службеното лице при вршењето на јавните овластувања и должности не смее да прима подарок, освен во случаите утврдени со Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

### Член 16

На службеното лице на кое спротивно на одредбите од овој закон му е понуден подарок или друга корист поврзана со извршувањето на службената должност, должно е да ја одбие таквата понуда, да го утврди идентитетот на понудувачот, а ако се работи за подарок што не може да биде вратен, службеното лице е должно без одлагање тоа да го пријави на надлежниот орган, да ги наведе сведоците и други докази, веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа, да поднесе писмен извештај до Државната комисија.

## VII. ОГРАНИЧУВАЊЕ ПО НАПУШТАЊЕ

НА ДОЛЖНОСТА

Член 17

(1) Службеното лице во рок од три години по престанокот на вршењето на јавните овластувања или должности, односно по престанокот на вработувањето, не може да се вработи во трговското друштво во кое вршел надзор или имал воспоставено каков било договорен однос при вршењето на јавните овластувања или должности.

(2) Службено лице во рок од три години по престанокот на вршењето на јавните овластувања или должности, односно по престанокот на вработувањето, не може да стекне по кој било основ акции односно удели во правното лице во кое работел, односно вршел надзор.

(3) Ако службеното лице во рокот утврден во ставот (2) на овој член се стекне со акции односно удели по пат на наследување, е должно тоа да го пријави до Државната комисија.

(4) Службеното лице во рок од две години по престанување на вршењето на јавните овластувања или должности, односно по престанокот на вработувањето, не може да врши застапување на физичко или правно лице од органот во кој претходно работел, ако учествува во донесување на одлука по конкретен предмет.

## VIII. ЧЛЕНСТВО ВО УПРАВНИ И НАДЗОРНИ ОРГАНИ

Член 18

(1) Службеното лице не може да биде член на управен или надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатија, агенции, фондови и сите други организациони облици со доминантен државен капитал, освен каде што е утврдено со закон.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, државен службеник и лице со посебни должности и овластувања утврдени со закон, може да биде член на управен или надзорен орган во трговско друштво.

Член 19 е избришен.

## IX. СПРЕЧУВАЊЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ ПРИ АКТИВНОСТ ВО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ

Член 20

(1) Службеното лице кое членува во здружение на граѓани и фондации не смее да ги злоупотребува информациите и податоците со кои располага при вршењето на својата должност како и да стекнува добивка за себе или за лицата од членот 3 став (1) алинеја 5 на овој закон при остварувањето на неговите активности во рамките на здружението на граѓани и фондации.

(2) Службеното лице кое членува во здружение на граѓани не смее да биде член на органите на управување ниту да биде на која било раководна функција во здружението. (ставот е укинат со Одлука на Уставниот суд „Службен весник на Република Македонија" бр. 3/2008).

(2) Службеното лице може да биде член на управни или надзорни органи на непрофитни организации, здруженија на граѓани и фондации кои извршуваат научни, културни, спортски, хуманитарни и слични дејности, без право на надоместок, освен за патните трошоци во врска со дејноста на тие организации, здруженија и фондации.

(3) Во случите од ставот (2) на овој член службеното лице е должно да ја извести Државната комисија во рок од 30 дена.

## IX-а. ИЗЈАВА ЗА ИНТЕРЕСИ

### Член 20-а

Претседателот на Република Македонија, пратениците, градоначалниците, амбасадорите и другите именувани лица на Република Македонија во странство; избраните и именуваните лица од и во Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија, органите на државната управа и други државни органи, органите на судската власт, јавните претпријатија, установи, други органи на централната и локалната власт утврдени со закон, при превземање на вршењето на јавните овластувања и должности, во рок од 30 дена се должни да поднесат изјава за постоење или непостоење на судир на интереси до Државната комисија.

### Член 20-б

Државните службеници и вработените во органите на државната управа и други државни органи, органите на судската власт, јавните претпријатија, установи, други правни лица на централната и локалната власт утврдени со закон, како и лица вработени преку агенции за привремено вработување со овластување, во рок од 30 дена се должни да поднесат изјава за постоење или непостоење на судир на интереси во органите во кои ги извршуваат нивните должности, односно во кои се вработени.

### Член 20-в

(1)Ако за време на вршењето на јавните овластувања и должности, службеното лице се најде во состојба на судир на интереси, е должно во рок од 30 дена од настанатата промена да ја извести Државната комисија.

(2)Службеното лице ако во рок од три години се вработи во трговско друштво или друго правно лице во приватниот сектор, е должно во рок од 30 дена да ја извести Државната комисија.

### Член 20-г

Формата и содржината на образецот за изјавата за интереси од членовите 20-а и 20-б на овој закон ги пропишува Државната комисија.

### Член 20-д

Во случаите кога постои основано сомневање или за тоа има докази кои упатуваат на постоење на судир на интереси Државната комисија во смисла на овој закон, ги проверува изјавите за постоење/непостоење на судир на интереси дадени согласно со Законот за јавните набавки.

## X. НАДЛЕЖНОСТИ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА

### Член 21

Државната комисија ги има следниве надлежности:

- ја донесува Државната програма со Акционен план за превенција и намалување на појавата на судир на интереси,
- дава мислења за предлози на закони од значење за спречување судир на интереси,
- разгледува случаи на судир на јавниот и приватниот интерес утврдени со овој или друг закон,

- поднесува извештај за својата работа и за преземените мерки и активности до Собранието на Република Македонија, а извештајот го доставува до Владата на Република Македонија и до медиумите,
- соработува со други државни органи во спречувањето на појавата на судир на интереси,
- презема активности за едукација заради откривање на судир на интереси согласно со овој или друг закон,
- ги изрекува мерките утврдени со овој закон,
- ја известува јавноста за случаите на судир на интереси и
- врши и други работи утврдени со овој и друг закон.

## XI. ПОСТАПКА ПРЕД ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА

### Член 22

(1) Постапката за утврдување на судир на интереси Државната комисија ја спроведува врз основа на начелата на законитост, доверливост, објективност, неселективност и непристрасност.

(2) Постапката за утврдување постоење судир на интереси ја поведува и спроведува Државната комисија:
- по службена должност,
- по барање на службеното лице,
- врз основа на пријава на друго лице и
- по барање на функционерот кој раководи со органот.

(3) Постапка за утврдување постоење судир на интереси може да се поведе и врз основа на анонимна пријава, доколку наводите во истата се основани.

(4) Државната комисија за потребите на постапката и утврдување на фактичката состојба, прибира документи, податоци и информации од физички и правни лица, како и од службеното лице.

(5) Субјектите утврдени во ставот (4) на овој член се должни да ги достават документите, податоците и информациите со кои располагаат во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од Државната комисија.

(6) Ако субјектите утврдени во ставот (4) на овој член не се произнесат во рокот утврден во ставот (5) на овој член, Државната комисија ги проверува наводите за постоење на судир на интереси по службена должност.

(7) Државната комисија е должна да донесе одлука за постоење или непостоење на судир на интереси во рок од 30 дена по произнесувањето на субјектите од ставот (4) на овој член, односно по проверката на наводите.

### Член 23

(1) Ако Државната комисија констатира постоење на судир на интереси должна е да го извести службеното лице и да побара од него, во рок од 15 дена од доставување на одлуката, да го острани судирот на интереси.

(2) Ако службеното лице постапи по укажувањето, Државната комисија ја запира постапката и за тоа ги известува службеното лице и подносителот на пријавата.

(3) Ако службеното лице не постапи согласно ставот (1) на овој член Државната комисија донесува одлука за изрекување мерка јавна опомена, која што му ја доставува на службеното лице.

(4) Ако службеното лице на кое му е изречена мерката јавна опомена во рок од 15 дена од приемот на одлуката не преземе дејствија за отстранување на судирот на интереси и за тоа не ја извести Државната комисија, Државната комисија пред надлежниот орган ќе покрене иницијатива за престанок на вршењето на јавните овластувања или должности, односно иницијатива за поведување дисциплинска постапка за утврдување на дисциплински престап.

Член 24 е избришан.

## XII. ВИДОВИ НА МЕРКИ

### Член 25

(1) На службеното лице му се изрекува една од следниве мерки:

- јавна опомена,
- иницијатива за поведување на дисциплинска постапка за утврдување на дисциплински престап и
- иницијатива за разрешување на вршење на јавните овластувања или должности.

(2) Мерките јавна опомена и иницијатива за разрешување се објавуваат во средствата за јавно информирање.

### Член 26

(1) Мерката јавна опомена на службено лице му се изрекува ако се утврди дека тоа постапило спротивно на одредбите на овој или друг закон што довело до значително нарушување на вршењето на јавните овластувања и должности.

(2) Мерката иницијатива за разрешување на вршење на јавните овластувања или должности, односно иницијатива за поведување на дисциплинска постапка за утврдување дисциплински престап, на службеното лице му се изрекува ако претходно му била изречена мерката јавна опомена.

Член 27 е избришан.

Член 28 е избришан.

### Член 29

(1) Против одлуката од членот 23 став (4) на овој закон, со која на службеното лице му се изрекува една од мерките утврдени во членот 25 став (1) од овој закон, службеното лице може да поведе постапка пред надлежниот орган или суд.

(2) Надлежниот суд од ставот (1) на овој член е должен да одлучи во рок од три месеца од денот на поведувањето на постапката.

## XIII. ОБВРСКА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ЗА СЛУЧАИТЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

### Член 30

(1) Државната комисија ја известува јавноста за случаите на судир на интереси по кои таа постапувала, во согласност со закон.

(2) Државната комисија е должна податоците до кои дошла при водење на постапката да ги чува од злоупотреби за дискриминирање или омаловажување на службеното лице.

### Член 31

Податоците за службеното лице до кои се дошло согласно со овој закон, можат да им се даваат на увид на судовите, инспекциските органи и другите надлежни државни органи, со

тоа што не можат да се злоупотребуваат за дискриминирање или омаловажување на службеното лице или јавно да се објавуваат како да се податоци што ги утврдил судот или друг надлежен орган.

## XIII-а. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 31-а

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на физичкото лице доколку постапи спротивно на одредбите од членот 17 на овој закон.

(2) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице доколку постапи спротивно на одредбите од членот 17 на овој закон.

(3) Глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на службено лице доколку постапи спротивно на одредбите од членовите 20-а, 20-б и 20-в на овој закон.

### Член 31-б

Прекршочната постапка од членот 31 на овој закон ја води и прекршочните санкции ги изрекува надлежен суд.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 32

Со влегувањето во сила на овој закон, престануваат да важат одредбите на членовите 37, 38 и 39 од Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2002, 46/2004 и 126/2006).

### Член 33

(член 26 од "Службен весник на Република Македонија" број 114/2009)

Подзаконскиот акт од членот 20-г на овој закон Државната комисија ќе го пропише во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 34

(член 27 од "Службен весник на Република Македонија" број 114/2009)

Се задолжуваат службените лица, во смисла на овој закон, да доставатизјава за интереси во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на актот од членот 20-г на овој закон.